# GLOBE
## Во МАКЕДОНИЈА

Broj 1, Prolet 2000


## Семејството ГЛОБЕ се зголемува

ГЛОБЕ Програмата во Македонија по одржувањето на семинарот во Берово од 8ми до 10ти април 2000 година ќе опфаќа вкупно девет училишта, каде според протоколите на ГЛОБЕ ќе бидат обучени наставници од четирите новововедени училишта во ГЛОБЕ програмата. Ги поздравуваме и им посакуваме добредојде на новите училишта од Берово, Пробиштип, Струмица и Скопје и се надеваме дека идната година ќе се зголеми соработката и размената на искуства помеѓу сите ГЛОБЕ училишта во Македонија.

Со цел да се поддржи ваквата размена ние ги поттикнуваме сите ГЛОБЕ инструктори да ги споделат со своите ученици новините од другите училишта во Македонија. Врските и комуникацијата помѓу сите учесници во ГЛОБЕ програмата овозможуваат размена на идеи и соработка за проширување на ГЛОБЕ програмата надвор од училниците, и во општините.

Запомнете дека може да контактирате со сите ГЛОБЕ училишта во Македонија и низ светот преку ГЛОБЕ e-mail адресите кои можете да ги добиете на ГЛОБЕ web страната: www.globe.gov
Исто така на оваа страна побарајте информации за web-chats (web-разговори) и останати ГЛОБЕ активности.

Во продолжение се дадени обновените податоци за ГЛОБЕ Програмата во Македонија.

**Берово**
"Ацо Русковски" е средно училиште во кое по Вториот ГЛОБЕ Семинар ќе се имплементира ГЛОБЕ програмата, со поддршка на инструкторите Слободан Пандов, Лилјана Јовановска, Јованка Пешначка и доброволката од Мировниот Корпус Dana Olson.

**Прилеп**
"Пере Тошев" е основно училиште кое се наоѓа во селото Дупјачани. Професорите Жарко Гиновски, Воислав Бутраковски, Ленка Кузманоска и Грозда Нумоска работат со околу дваесетина ученици од петто до осмо одделение. "Пере Тошев" е назначено со титула за "Chief Scientists' Honor Roll" за доставување податоци за извршени преку 2,000 мерења. За повеќе информации за тоа како вашето училиште да биде признаено и се стекне со оваа почесна титула, погледнете во делот "ГЛОБЕ Звезди" - "GLOBE Stars" во ова издание на весникот.

**Пробиштип**
Учениците во училиштето за средно образование "Наум Наумовски Борче" со нетрпение го очекуваат воведувањето на Програмата ГЛОБЕ во нивното училиште непосредно по завршувањето на семинарот во април. Тие ќе работат заедно со своите наставници Влатко Двојаковски, Славчо Николов, Данчо Петков и доброволката од Мировниот Корпус Heather Malcom.

**Ресен**
Основното училиште "Гоце Делчев" се наоѓа во регионот покрај Преспанското Езеро каде околу седумнаесет ученици работат на Програмата ГЛОБЕ заедно со своите наставници Крсте Божиновски, Златка Головодовска и Кате Настевска и доброволката од Мировниот Корпус, Rhonda Stanton.

**Скопје**
"Димитар Миладинов" е основно училиште каде околу дваесетина ученици работат на програмата ГЛОБЕ заедно со своите наставнички Светлана Филиповска, Анка Денковска и доброволката од Мировниот копрус Joellen Reineck. По повод првиот ден на пролетта тие изработија пет еколошки знаци кои треба да ги следат сите ученици и ги истакнаа на училишниот влез. Во моментот тие подготвуваат план за нивниот училишен двор.

**Скопје**
Во училиштето "Јохан Хајнрих Песталоци" по завршувањето на обуката во Берово, наставничките Софка Димитрова и Стефанка Темелковска ќе започнат со имплементирање на Програмата ГЛОБЕ.

**Струга**
Училиштето за средно образование "Нико Нестор" беше назначено од страна на ГЛОБЕ со титулата за "Chief Scientists' Honor Roll" - "Почесна улога на главните научници" за нивната непрекината и константна работа при доставување податоци за извршени преку 3,000 мерења под водство на нивната професорка Лилјана Кукунеш, како и работата со останатите ГЛОБЕ инструктори Нада Стојанова, Аспасија Димитровска, Миле Попоски и Менди Онази.

**Струмица**
"Димитар Влхов" е средно училиште каде по завршувањето на семинарот ќе започне да се имплементира Програмата ГЛОБЕ. Учениците од ова училиште ќе работат заедно со своите наставници Страшо Даов, Крстева Сузана, Никола Митев и доброволецот од Мировниот Корпус Paul Woodworth.

**Валандово**
Учениците од училиштето "Гоце Делчев" заедно со своите професори Милан Гугицев, Наќо Кимов и Стојан Манолев работат на програмата ГЛОБЕ и тие исто така се назначени од страна на ГЛОБЕ со титулата за "Chief Scientists' Honor Role" за нивната непрекината и константна работа за извршени преку 2,000 мерења.



## ГЛОБЕ SВЕЗДИ

Научниците од ГЛОБЕ имаат желба да ја поддржат и признаат тешката работа на учениците ширум светот. Кога некое училиште доставува податоци за извршени повеќе од 500 мерења, тоа се здобива со "Специјална улога за главни научници" ("Chief Scientists Honor Role").

Досега во Македонија три училишта се здобија со оваа титула. Од се срце им честитаме на учениците и нивните инструктори од училиштата “Пере Тошев” од Прилеп, “Нико Нестор” од Струга и “Гоце Делчев” од Валандово. Овие три училишта беа назначени за нивната "Специјална улога како главни научници" за извонредните податоци доставени на ГЛОБЕ серверот. Досега учениците од училиштето “Пере Тошев” доставиле податоци за извршени преку 4,000 мерења, учениците од “Нико Нестор” приближно 3,500 мерења и учениците од “Гоце Делчев” приближно 2,500 мерења.

Учениците од училиштето “Нико Нестор” во Струга седум дена во неделата собираат податоци за атмосферски мерења од нивната метеролошка куќичка. Исто така вршат неделни мерења на водата од реката Црн Дрим.

Земањето на примероци на вода во другите ГЛОБЕ училишта низ Македонија ќе биде корисно за подобро разбирање какво е влијанието на промените во животната средина врз водните патишта во Македонија.

Во случај вашето училиште да се интересира и сака да соработува на проект за хидрологијата или пак сака да добие повеќе информации за тоа како во Струга програмата се извршува можете да им се обратите на инструкторите и учениците од училиштето “Нико Нестор” кои работат на Програмата ГЛОБЕ.

**Им честитаме на нашите ГЛОБЕ SВЕЗДИ во Македонија!**

- **“Пере Тошев” во Прилеп** **4,000 мерења**
- **“Нико Нестор” во Струга** **3,500 мерења**
- **“Гоце Делчев” во Валандово** **2,500 мерења**

## Порака од Министерот за животна средина

Длабоко сум убеден дека меѓународните програми како што е програмата ГЛОБЕ овозможуваат извонредна основа и можност за соработка на учениците од целиот свет, за нивно подобро разбирање на животната средина и создавање на повисока свест во областа на животната средина за генерациите кои допрва доаѓаат. Уште повеќе што денес употребата на Интернет-от многу повеќе ги зголемува можностите и начините на комуникација помеѓу училиштата, а со тоа се надминуваат и просторните бариери.

Горд сум што програмата ГЛОБЕ од 1998 година успешно се спроведува во Република Македонија, што се потврдува со фактот дека од година во година бројот на нововклучените ГЛОБЕ училишта се зголемува. Ми претставува особена чест да го поздравам годинешното одржување на Вториот ГЛОБЕ Семинар во Берово, и посебно четирите нови училишта од Берово, Пробиштип, Струмица и Скопје каде по завршувањето на семинарот, наставниците директно ќе започнат со имплементирање на програмата ГЛОБЕ во нивните училници. Најпосле, би сакал да ги изразам моите најискрени желби и поздрави до сите ученици и наставници вклучени во програмата ГЛОБЕ, која за нив несомнено претставува одлична можност за развивање иницијативи, за запознавање и за разменување искустава како и можност за соработка преку експерименти од областа на животната средина со ученици и наставници од било кој дел на змјината топка.

Тони Поповски - Министер за животна средина на Република Македонија

### Kalendar

April, 2000

8$^{mi}$-10$^{ti}$
Vtor GLOBE Seminar za obuka na nastavnici - Berovo

21$^{vi}$
Godi[en sostanok na GLOBE - Makedonija - Skopje

22$^{ri}$
Den na planetata Zemja i 5 godi[nina na Programata GLOBE

Sept./Okt., 2000

Tret GLOBE Seminar za obuka na nastavnici - datum i mestoto na odr`uvawe dopolnitelno ]e bidat opredeleni i soop[teni

## Порака од Координаторот на програмата ГЛОБЕ

Како координатор на програмата ГЛОБЕ во Македонија би сакала да ја изразам мојата голема благодарност на сите оние кои го помогнаа и учествуваа во започнувањето и работата на програмата ГЛОБЕ во Република Македонија како и организирањето на годинешниов Втор ГЛОБЕ семинар кој се одржува од 8$^{ми}$ до 10$^{ти}$ април во Берово. Посебно се заблагодарувам на Министерството за животна средина на Република Македонија, Педагошкиот Завод на Република Македонија и на Мировниот Корпус во Република Македонија. Неспомнено дека овој семинар немаше да биде возможен без нивната поддршка.
Во прилог на ова би сакала да им се заблагодарам на петте училишта за нивно одлично спроведување на ГЛОБЕ програмата, за големиот број на извршени мерења и за добиените резултати. Се надевам дека и во иднина тие ќе продолжат да работат на истиот начин.

На крај би сакала да им посакам добредојде на четирите нови училишта вклучени во програмата ГЛОБЕ, училиштата од Берово - “Ацо Русковски”, Пробиштип - “Наум Наумовски Борче”, Струмица - “ Димитар Влахов” и Скопје - “Јохан Хајнрих Песталоци” каде доброволците од Мировниот Корпус во Македонија веќе соработуваат со наставниците и учениците. По завршувањето на семинарот за обука на ГЛОБЕ тренери во Берово инструкторите од нововклучените училишта ќе започнат со спроведувањето на програмата ГЛОБЕ во своите училишта.

Се надевам дека во иднина програмата ГЛОБЕ во Македонија ќе продолжи успешно да се спроведува и дека соработката помеѓу учениците и инструкторите во ГЛОБЕ училиштата во нашата земја постојано ќе се зголемува.

Светлана Ѓорѓева - Координатор на ГЛОБЕ Програмата во Македонија